# ОДЛУКИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИ СТОКИ ДОНЕСЕНИ ОД КОМИТЕТОТ НА ХАРМОНИЗИРАН СИСТЕМ

Табелата подолу ги содржи одлуките за распоредување на специфични стоки донесени од страна на Комитетот на **Хармонизиран систем на 72та сесија во 2024** година, со нивните соодветни ХС шифрирани ознаки, опис на стоката и образложение за правниот основ.

## ХС КОМИТЕТ 72 СЕСИЈА

| Реден број | Опис на стоката | Распоредување | Образложување |
|---|---|---|---|
| 1. | **Замрзнати зелени зрна соја** (од видот Glycine max) без лушпата, познат како mukimame. Зрната се со долгнавеста форма и должина од околу 1-2 см. Производот има вкус на соја и е наменет да се користи како храна. Производот не е посолен, истиот е излупен и бланширан пред да биде замрзнат. Сојата е спакувана во пакувања со тежина од 400 грама, наменети за продажба на мало. | 1201 90 | Основно правило 1 и 6 |
| 2. | **Производ составен од нехранлив нуспроизвод од кокос**, направен од кокосови лушпи; се шири кога ќе му се додаде вода; производот има кубична структура; лесен е – мала тежина; и се користи како основа за одгледување за различни градинарски култури.<br><br>Истиот се користи како подлога за одгледување на разни видови градинарски култури, како мешаница која се става во саксии, за одгледување на рози, зеленчукови градини и воопшто за употреба во градинарството; како подлога за одгледување на земјени црви; производство на бусени од трева; размножување на растенија; за режано цвеќе; за игралишта за голф како основен материјал или почва; и кај мешаници за хидропонија и ‘ртење на растенијата. | 1404 90 | Основно правило 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | **Темпех (или темпе).** Тоа е компактен, бел производ во форма на колач, подготвен со ферментација на излупени варени зрна од соја со помош на Rhizopus spp. | 2008 | |
| 4. | **Негазиран пијалок, приготвен за продажба на мало во алуминиумска конзерва од 330 ml**. Пијалокот ги содржи следните состојки: вода, шеќер, сок од концентрат од грозје, сок од концентрират од лимон; боја: карамела E150d, сок од концентрат од црна рибизла, сок од концентрат од јаболко; сок од концентрат на цреша, природна арома, сок од концентрат од змејско око (анг. dragon juice) и екстракт од женшен. | 2202 10 | Основно правило 1 и 6 |
| 5. | **Овошно пиво (пиво од вишна)**, со алкохолна јачина од 3,5% по волумен флаширано во шишиња од 250 ml или 355 ml добиено со поцесот на двојната ферментација на добивање на пиво што се одвива на следниот начин:<br>- Прво ферментира базата;<br>- По првата ферментација се додаваат други состојки (овошен сок, шеќер, ароми и сл.);<br>- Смесата од ферментиранаата база заедно со другите состојки се остава повторно да ферментира (второ ферментација).<br>Овошното пиво ги има следните состојки: вода (79%), мелен јачмен и мелена пченица (11%), сок од цреша (5%), шеќер (4%), ароми и анти оксиданси вклучувајќи хмељ (1%) засладувач. Пивото се флашира и се пастеризира. Пијалокот согласно органолептичките карактеристики (вкус, мирис и слично) претставува пиво. | 2203 00 | Основно правило 1 |
| 6. | **Производ** кој се состои од 96% обезмастено брашно од соја и 4% пченкарно брашно (маиз молидо). | 2309 90 | Основно правило 1 и 6 |
| 7. | **Производ** кој се состои од 98% обезмастено брашно од соја и 2% пченкарно брашно (маиз молидо). | 2309 90 | Основно правило 1 и 6 |
| 8. | **Производ** кој се состои од 99% обезмастено брашно од соја и 1% | 2309 90 | Основно правило 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | пченкарно брашно (маиз молидо). | | |
| 9. | **Производ** кој се состои од 95% обезмастени оброк од соја и 5% мешани од трици од шафран. | 2309 90 | Основно правило 1 и 6 |
| 10. | **Песок со 80% силициум диоксид** ($SiO2$) содржина која потекнува од расчленувањето на ситнозрнести карпи. | 2505 90 | Основно правило 1 и 6 |
| 11. | **Песок со 90% силициум диоксид** ($SiO2$) содржина која потекнува од расчленувањето на ситнозрнести карпи. | 2505 90 | Основно правило 1 и 6 |
| 12. | **Песок со 95% силициум диоксид** ($SiO2$) содржина која потекнува од расчленувањето на ситнозрнести карпи. | 2505 10 | Основно правило 1 и 6 |
| 13. | **Песок со 99,5% силициум диоксид** ($SiO2$) содржина која потекнува од расчленувањето на ситнозрнести карпи. | 2505 10 | Основно правило 1 и 6 |
| 14. | **Производ** кој се состои од високо дисперзиран силициум диоксид ($SiO2$) бел или белузлав прав без мирис. Производот делува како абсорбер на база на високо дисперзиран силициум диоксид. Има капацитет на абсорпција од 300 mg/g. Производот е спакуван во 3 грамски пакувања и во пластични контејнери од 12, 25 и 50 гр. Според упатството, производот е наменет за орален внес како водена суспензија. Се користи како мултифункционален ентеросорбент што ги врзува штетните материи како што се алергени, токсини, бактерии и вируси и ги отстранува од гастроинтестиналниот тракт. Ефикасен е во лекувањето на дијареа, труење, алергии, токсикоза, синдром на мамурлак, и во прочистување на телото. Производот не се распаѓа во гастроинтестиналниот тракт, ниту се метаболира. Производот едноставно поминува низ телото, и се излачува природно заедно со супстанциите што се врзауваат за време на минувањето низ телото. Како што е споменато погоре, производот се консумира орално во форма на суспензија (се подготвува со мешање на потребната доза со вода) еден час пред или после јадење, 3 до 4 пати на ден. Просечната дневна доза за возрасни е 0,1 - 0,2 грама на 1 килограм телесна тежина, а максималната е 0,33 гр. на 1 кг телесна тежина. | 2811 22 | Основно правило 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. | **СЕ-ВО ЕДНО МАРАМЧИЊА ЗА ЛИЦЕ,** составени од 60 правоаголни листови од неткаен материјал со димензии (10cm x 12cm), импрегнирана со вода (76,8%), дипропилен гликол (DPG) (16%), натриум хијалуронат (2,2%), масло од јојоба (2%) и емулгатор (PEG-6 Caprylic/Capric глицериди и полисорбат 20) (3%), спакуван за продажба на мало. Наменети се да се користат за отстранување на шминка, чистење, тонизирање, релаксирање и хидратација на кожата на лицето во еден чекор. | 3307 90 | Основно правило 1 забелешка 2 од Оддел VI и забелешка 4 од Глава 33 и основно правило 6 |
| 16. | **Емулзии на амониум нитрат во воден раствор** кои се користат во процесот за производство на експлозиви за рудници и каменоломи. Производот е со содржина 69% амониум нитрат. | 3602 00 | Основно правило 1 |
| 17. | **Емулзии на амониум нитрат во воден раствор** кои се користат во процесот за производство на експлозиви за рудници и каменоломи. Производот е со содржина 78% амониум нитрат. | 3602 00 | Основно правило 1 |
| 18. | **Натриум полинафтален сулфонат со степен на чистота кој варира од 79 до 89%**, во форма на прав што ги содржи следните супстанции што произлегуваат од процесот на производство: вода, метанал и натриум сулфонат. Производот е полимер растворлив во вода кој се користи како суперпластификатор и флуидизатор додаток при подготовка на бетон. Производот не го намалува површинскиот напон на водата на 4,5 x 10-2 N/m (45 dyne/cm) или помалку кога ќе се измеша со вода во концентрација од 0,5 % на 20° C и се остава да стои еден час на иста температура и кој нема просек од најмалку 5 мономерни единици. | 3824 40 | Основно правило 1 и 6 |
| 19. | **Цврсти производи од челик** направени со слободно ковање на нерѓосувачки челик. Производите се обликувани во тродимензионални правоаголни блокови обработени со стругање за да се отстранат дефектните слоеви како што се оксидациониот каменец и декарбонизираните слоеви и заради исполнување на димензионалните и обликувачките толеранции (широчина, дебелина, рамномерност итн.). По | 7222 30 | Основно правило 1, (Забелешка 1 (д) и 1 (к) кон Глава 72) и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | увозот, тие ќе бидат машински обработени (прецизно стругање, полирање, итн.) површински за да се формираат бланкс и финално обработени калапи, стврднати/термички обработени, полирани и тестирани во пластични алатки за обликување. Во некои случаи, производите наменети за употреба при производството на пластични алатки за обликување, потребно е да се одделат (хоризонтално или вертикално или и двете) на бланкс парчиња со специфични големини за да се задоволат барањата на крајниот корисник. Тие не бараат понатамошна топла обработка со помош на топло валање и/или ковање. Постојат две димензии: 203mm*610mm*3155mm и 114mm*610mm*3155mm. Хемиски податоци: C: 0,35 – 0,42 %, Si: 0,6 – 1,4 %, Mn: 0,2 – 0,8 %, Cr: 13,1 – 14,1 %. V: 0,1 – 0,4 %, S: < 0,005 %, P: < 0,030 %. Вредности на толеранција: +2,5mm - +4,5mm Предметните производи може да имаат малку различни димензии. | | |
| 20. | **Робот за сервирање** дизајниран за послужување на храна во ресторанite што може да ги замени келнерите. Опремен е со сензор за вид и LIDAR (сензор за откривање и опсег на светлина за препознавање и избегнување пречки), три послужавници на кои се ставаат садовите и екран чувствителен на допир на постамент на тркала придвижуван од електромотор. Но не е опремен со опрема за подигање или ракување. Неговата спецификација е :<br>-димензии (ШxВxД): 48X118X48 см<br>-брзина: 0,8 м/с (макс 15 м/с)<br>-тежина: 50 кг<br>-Капацитет на полнење по послужавник: 10 kg<br>-Капацитет на батеријата: 15 часа<br>-Број на тркалца: 6 (2 тркалца за возење, напред/назад/вртење)<br><br>Роботите за послужување наместо келнери, ги преместуваат садовите од кујната до трпезариските маси во ресторанite. Кога готвачот става садови | **8428 90** | Основно правило 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на послужавниците на роботот за послужување и го внесува бројот на масата, тој ги носи садовите на назначените маси. Додека носи садови до масата, може да детектира, избегне и заобиколи непредвидени блокади и пречки, меѓутоа, самиот не може да ги собере садовите од кујната и да ги стави на масата. Поради својата спецификација (на пример, мала брзина и мали тркалца), предметниот производ не е погоден за надворешна употреба. | | |
| 21. | **Робот за испорака** што се користи за испорачување на храна или пијалоци. Опремен е со LIDAR сензор (сензор за откривање и опсег на светлина за препознавање и избегнување пречки), GPS и два отвора со брави на вратите на постамент со тркала на електричен мотор. Не е опремен со опрема за подигање или ракување. Инсталиран е со алгоритам за автономно возење, но може да се вози и со далечински управувач. Неговата спецификација е како што следува:<br>-Големина на отворот: 270 x 200 x 240 mm<br>-Макс. Брзина: 12km/h<br>-Капацитет на батеријата (електрична енергија): 8h (1440 W)<br>-Електричен мотор: 24V, 200W, 150rpm<br>-Носивост: 15 kg<br>-Број на тркала: 6 (2 погонски тркала, напред/назад/вртење) Предметниот производ е погоден за испорака од врата до врата на кратко растојание. Може да достави храна, пијалоци или дневни потреби од кафулиња, ресторани и продавници до клиентите. И покрај тоа што растојанието на услугата не е ограничено, предметниот производ обично работи во опсег од 20 минути возење. | 8428 90 | Основно правило 1 и 6 |
| 22. | **Држач за дупчалка со самостоен електричен мотор**, рачен, дизајниран за дупчење и за затегнување и олабавување на завртките, кој се состои главно од електричен мотор, држач за алат (стезна глава), батерија што се полни и управувачки контроли (на пример регулатор на вртежен момент, | 8467 21 | Основно правило 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | избирач на брзина, прекинувач напред/назад, регулатор за брзина), со сите елементи сместени во едно куќиште. | | |
| 23. | **Безжични слушалки** кои се состојат од аудио уреди дизајнирани за персонализирано слушање музика, говор или други аудио сигнали. Таквите слушалки се дизајнирани да се спарат со мобилен уред и имаат функции за контрола на репродукција на музика и за остварување и примање на повици. Сетот вклучува пар слушалки, футрола за полнење, кабел за полнење и инструкции. | 8518 30 | Основно правило 1 (Забелешка 3 од Оддел XVI) и 6 |
| 24. | **Монитор за емитување**, кој се состои од два LCD панели од 7 инчи во комбинација со контролни копчиња, индикаторски светла, конектори за влез/излез, конектор за DC напојување и вентилатор во исто куќиште (Ш 481mm×В 32,6mm×Д 33mm). За секој LCD панел има два BNC конектори за SDI влез, еден D-sub 15 пински конектор за влез на GPI сигнал и еден BNC конектор за SDI излез. Мониторот е способен да прима сигнал од видео камера или рекордер преку коаксијални кабли и да прикажува слики на панелите. Може да кодира/декодира црвени (R), зелени (G) и сини (B) сигнали. Дизајниран е за употреба во студио на телевизиска станица и комбе за емитување и да се монтира на постамент. Вклучува и механизми за прилагодување на навалување (нагиб) и не вклучува избирач на канали или видео тјунер. Спецификации:<br>- Соодност: 15:9<br>- Резолуција: 800×480 ефективни пиксели<br>- Агол на гледање: 170° хоризонтална, 170° вертикална<br>- Видео влезен сигнал: 3G/HD/SD Сериски дигитален интерфејс (SDI) | 8528 59 | Основно правило 1 и 6 |
| 25. | **Ласерски проектор,** дизајниран да се користи во кина или театри, кој се состои од главна единица на проекторот и надворешен ладилник кои се меѓусебно поврзани преку црева. Главната единица вклучува медиумски сервер кој е опремен со влезови HDMI и RJ45 (мрежна порта). Производот | 8528 62 | Основно правило 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | не вклучува избирач на канали или ТВ тјунер. Проекторот може да се поврзе со машина за автоматска обработка на податоци (ADP) преку поврзување HDMI или RJ45 (мрежна порта). Иако е првенствено наменет за проектирање на филмови складирани како датотеки на вградениот медиумски сервер на екран, тој исто така може да проектира слики што одговараат на видео сигналите добиени од поврзаната ADP машина во реално време. Спецификации:<br>- Резолуција: 4.096 x 2.160 пиксели (матична 4К)<br>- Осветленост: 52.000 lm (вообичаено)<br>- Соодност на контраст: 2.000:1 (типично) | | |
| 26. | **Трансформаторски чаури**, за напони над 1.000 V, за електрично поврзување на намотката на трансформаторот со надземен вод, кој во суштина се состои од:<br>• електричен проводник;<br>• главна електрична изолација изработена од хартија натопена со смола (RIP);<br>• надворешна изолација изработена од порцелан или пластика;<br>• спојки/приклучоци (страна на трансформаторот и страна на отворено); • прирабница за монтирање. | 8535 90 | Основно правило 1 (Забелешка 2 (а) од Оддел XVI) и 6 |
| 27. | **Trilith IC уреди**, комбинирани од четири прекинувачи интегрирани на три матрици во едно пакување. Тие се наменети за погон на мотори со еднонасочна струја во конфигурација на мост, но може да се користат и како единечни независни прекинувачи. Сите четири прекинувачи се интегрирани кола и се произведени со полупроводничка технологија, но не се меѓусебно електрично поврзани. Овие уреди се развиени според автомобилскиот стандард ISO26262 (Патни возила – Функционална безбедност) и овозможуваат резервно безбедносно исклучување на релевантните апликации. На пример, во случај на уништување на едно интегрирано коло, другиот чип го спречува моторот да ротира. Производот | 8542 39 | Основно правило 1 (Забелешка 12 (б) (iii) од Глава 85) и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | содржи еден двоен прекинувач на високата страна и два прекинувачи на ниската страна. Одводите на овие три вертикални DMOS чипови се монтирани на одвоени оловни рамки. Изворите се поврзани со поединечни пинови, така што производот може да се користи во Hbridge, како и во која било друга конфигурација. Сите прекинувачи се произведени во технологија која комбинира ниски RDS (вклучени) вертикални DMOS фази на напојување со CMOS кола за контрола, заштита и дијагноза. | | |
| 28. | **Линеарен Hall IC**, специјално дизајниран за високо прецизно откривање на агол и позиција. Сензорот обезбедува сооднос метрички аналоген излезен напон, кој е идеално прилагоден за конверзија од аналогно во дигитално (A/D) со напон на напојување како референца. IC е произведен во BiCMOS технологија со способност за висок напон и обезбедува заштита од обратен поларитет. Дигиталната обработка на сигналот користејќи 16-битна DSP архитектура заедно со дигиталната температура и аналогната компензација на напонот гарантира одлична стабилност во целиот температурен опсег и животниот век. | 8542 39 | Основно правило 1 (Забелешка 12 (б) (iii) од Глава 85) и 6 |
| 29. | **Декорација што го претставува Дедо Мраз**, за надворешна употреба, изработена од повеќебојна акрилна пластика и одвнатре осветлена со 104 топли бели LED диоди (диоди кои емитуваат светлина).<br>Општо:<br>Одобрено за надворешна употреба: Да,<br>Опис на производот: Акрилен Дедо Мраз, 55 см, 104 LED диоди, IP20, Боја (извор на светлина): Топло бело,<br>Боја (производ): повеќебојни,<br>европски број на артикли (EAN): 7318302471033,<br>материјал (производ): пластика,<br>Тип приклучок: GB, | 9505 10 | Основно правило 1 и 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Резервни делови: 5141-000EE<br>Електрични податоци:<br>Вклучена батерија: Не,<br>Извор на енергија: Трансформатор,<br>Вклучен далечински управувач: Не,<br>Ефект на трансформаторот: 3,6 W,<br>Напон на трансформаторот: 24 V,<br>Ефект: 3,12 W,<br>Ефект по извор на светлина: 0,03 W<br>Извор на светлина: вклучен извор на светлина: Да,<br>Број на извори на светлина: 104,<br>Заменлив извор на светлина: Не,<br>Приклучок: N/A,<br>Извор на светлина: LED<br>Димензии на производот:<br>Должина на кабел: 500 cm,<br>Длабочина: 25,5 cm,<br>Висина: 55 cm,<br>Ширина: 28,5 cm. | | |